РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-2326/1
01-07-2026 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 33-та седница одржана на 11.06.2026 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

Постапката по предметот број 12-1150/1 од 25.03.2025 година, оформен по пријава со наводи за сомневање за незаконитости во извршување на договор за јавна набавка за Рехабилитација и надградба на ------------------- ---------------- (-----------), **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување во предметниот случај.
Со оглед дека пријавените наводи се од поширок јавен интерес и се однесуваат на работи за кои се потрошени буџетски средства од поголема вредност, ДКСК одлучи предметот со целокупната прибавена документација да го достави на натамошно постапување на друг надлежен орган - Јавното обвинителство на Република Северна Македонија.

Предметот со број 12-1150/1 од 25.03.2025 година, да се затвори и архивира.
Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

На ден 25.03.2024 година до ДКСК е поднесена пријава со наводи за сомневање за незаконитости во извршување на договорот за јавна постапка за Рехабилитација и надградба на ------------------------ (----------), по која е оформен предмет со број 12-1150/1 од 25.03.2025 година.
Имено, во пријавата се наведува дека договорниот орган ЈП --------------- --------------- склучил Анекс на договор кој не ги исполнил условите од членот 119 од Законот за јавните набавки и истиот не бил објавен на Електронскиот систем за јавни набавки (ЕСЈН) согласно членот 70 од Законот за јавните набавки.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Со цел проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК побара податоци и документација од Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности --------------- --------------- ------------- од каде во законски утврдениот рок беа доставени бараните податоци и документи.

По разгледување на прибавената документација е утврдено следното:
ЈП ------------ ------------- ---------------- и ---------------------------------- ------------- (--------) склучиле Договор за грант бр. ------/-- од 05.05.2022 година со кој било предвидено дека -------- ќе финансира 50 % од вкупната вредност на потребните средства за реализирање на Проектот Рехабилитација и надградба на ---------------------- (----------), односно дека одобруваат -------------- евра на име грант средства. Останатите 50 % од средствата се обезбедени од Буџетот на РСМ, преку Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, а ЈП ------------- – ------------- обезбедило средства за плаќање на ДДВ.
На 04.08.2022 година бил распишан јавен оглас бр. ------------/200 за отворена постапка каде предмет на набавката е Рехабилитација и надградба на ----------------------------. Предметот на набавката бил делив и тоа Дел 1 - Рехабилитација на системи на ----------------- (систем за алармирање, систем за оскултација и ---------- систем) и Дел 2 – Санација на хидромеханичка опрема на темелен испуст на брана --------------.
По спроведеното јавно отворање и евалуација на поднесените понуди, Комисијата за јавна набавка предложила за Дел 1 – Рехабилитација на системи на ------------ (систем за алармирање, систем за оскултација и --------------- систем) да биде избран понудувачот ------------------------- --- ДООЕЛ Скопје, а за Дел 2 – Санација на хидромеханичка опрема на темелен испуст на брана ----------------- предложила да биде избрана понудата на понудувачот ------------ – ----------.
По завршување на целокупната постапка, за Делот 1 Рехабилитација на системи на ---------------- (систем за алармирање, систем за оскултација и ---------- систем) помеѓу ЈП ----------------- ------------- и понудувачот ----------- ---------- ---- ДООЕЛ Скопје бил склучен Договорот со број 03-531/1 од 27.09.2022 година, додека за Дел 2 – Санација на хидромеханичка опрема на темелен испуст на брана --------------, бил склучен Договорот со број -------/1 од 27.09.2022 година помеѓу ЈП ----------------- ----------- и понудувачот ---- ДООЕЛ -----------.

На 25.10.2022 година, по склучување на договорите за двата дела од постапката за јавна наабвка, во присуство на претставници од инвеститорот ЈП ------- ----------- -------------, надзорот ---- ДОО --------- и изведувачот --------- системи – --- ДООЕЛ ----- бил одржан состанок на кој од страна на изведувачот била презентирана состојбата на системите на ------ -------------- и можно техничко решение за нивна санација. Изведувачот -------- системи – --- ДООЕЛ Скопје во присуство и со увид на надзорниот орган ---- ДОО ------ и надзорниот инженер извршиле дијагностика на постоечката опрема во Главниот центар ------------ во

-------------- и секундарниот ----------- центар на браната ---------------, при што било констатирано дека поради застарена технологија на вградената опрема и користените софтвери во системите на ---- -------------- нема можност да се набават исти или компатибилни на нив на меѓународниот пазар и промената на цената на хардверската и софтверската опрема на светскиот пазар, не дозволува набавка на компатибилна застарена опрема која е многу поскапа од новите генерации на хардвер и софтвер.
Иако е склучен договор за рехабилитација на веќе постоечкиот систем, од страна на изведувачот била предложена промена на техничкото решение за функционалноста на ----------- системот на ------- ------------ со кое ќе се овозможи добивање на нов современ оптимизиран ---------- систем, полесен за работа и одржување и продолжување на векот на експлоатација. За предложената измена биле доставени три понуди, а како најповолна била прифатена понудата на изведувачот на Делот 1 - ------- ----- ДООЕЛ Скопје. Предложеното техничко решение било прифатено и од Надзорниот орган ---- ДОО -------, како и од донаторот -------------.
Во текот на реализацијата на предметот на договорт за Делот 1, договорните страни склучиле Анекс на Договор од 28.11.2022г врз основа на претходна поднесена документација од изведувачот, одобрена од надзорниот орган и од донаторот ------------.

Во однос на наводот кој се однесува на потребата од склучување на анекс на договорот, во време кога била спроведена постапката за јавна набавка, како и тоа дека анексот не го исполнувал членот 119 од Законот за јавните набавки, а истиот бил склучен во врска со предложената промена на техничко решение за функционалноста на -------- системот на --- -------------- со кое ќе се овозможи добивање на нов современ оптимизиран --------- систем, ДКСК утврди дека пријавените наводи се однесуваат на поширок јавен интерес и се однесуваат на работи за кои се потрошени буџетски средства од поголема вредност, за чие произнесување потребно е стручно мислење на експерти од областа на градежништвото и архитектурата и заштита на животната средина, како и стручно мислење од областа на информатички технологии и други институции, кое би било дел од постапувањето на друг надлежен орган.
Оттаму, ДКСК оцени дека постојат основи предметот со прибавената документација да ги достави на надлежно постапување на друг надлежен орган - Јавното обвинителство на Р.Северна Македонија, поради што одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател,**

**Адем Чучуљ**

Изготвил: м-р Ф.Ј., советник
Контролирал: Ј.Ц, раководител на одделние
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: З.Б., член